# ОДГОВОР

## на забелешките на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор

На ден 22.02.2013 година добиени се Забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на успешност – "Ефикасност на извршените услуги на Службата за општи и заеднички работи преку искористување на возниот парк" од страна на одговорното лице на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, бр.02-1202/2, заведени во Државниот завод за ревизија под број 10-314/4.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на констатираната состојба во Нацрт извештај во делот на Ревизорски наоди **точка 1.2.** која се однесува на тоа дека СОЗР има донесено Упатство за определување на начинот на извршувањето на услугите за превоз со моторни возила, кое не е усогласено со измените на Уредбата за начинот на користење на услугите што ги врши СОЗР, донесени по неговото усвојување, **не се прифаќа.** Образложението дека донесеното упатство е за интерна употреба, без законска обврска за носење на истото, ревизијата го имаше во предвид во текот на вршењето на ревизијата и препорачува дека истото, иако е за интерна употреба, потребно е да биде усогласено со измените на Уредбата за начинот на користење на услугите што ги врши СОЗР, донесени по неговото усвојување .

2. Забелешката на констатираната состојба во Нацрт извештај во делот на Ревизорски наоди **точка 1.4.** која се однесува на склучениот Договор за вршење на општи и заеднички работи и услуги со Министерството за одбрана, со кој СОЗР се обврзува на Министерството да му даде услуги за превоз со моторни возила за службени потреби, **не се прифаќа.** Образложение дека услугите се даваат поради ургентност, значење или итност на настани од државен интерес, ревизијата го имаше во предвид во текот на вршењето на ревизијата, поради што и препорача да се усогласат актите со кои се регулира наведената област .

3. Забелешката на констатираната состојба во Нацрт извештај – Ревизорски наоди **точка 2.3.** за активностите кои СОЗР ги превзема во насока на подобрувањето на кадровската екипираност за вршење на работи поврзани со услуги за превоз со моторни возила, во периодот 2010 - 2012 година, **претставува известување** дека раководството на СОЗР продолжува со активности за доекипирање на одделението со соодветен кадар.



*Ревизорска екипа* *Овластен државен ревизор*

*1.* ______________________

*2.* ______________________ ______________________

*3.* ______________________

4. Забелешката на констатираната состојба во Нацрт извештај - Ревизорски наоди **точка 2.6**. која се однесува на потребата од донесување на акт/методологија/критериуми со кој би се утврдила потрошувачката по вид/класа на возила, **не се прифаќа**. Образложението дека актот би содржел комплексност од критериуми, кои временски се менливи, ревизијата го имаше во предвид во текот на вршењето на ревизијата. Информацијата за состојбата за ново набавените возила, кои располагаат со борд компјутери и даваат податоци за потрошувачката на гориво, ќе биде соодветно обелоденета во Конечниот извештај.

5. Забелешката на констатираната состојба во Нацрт извештај во делот на Ревизорски наоди на **точка 4.3. алинеа 5** се однесува на состојбата дека склучените договори за набавка на возила по пат на оперативен лизинг не содржат одредба во која ќе биде утврдено што ќе се случи со возилата по завршувањето на оперативниот лизинг, односно дали СОЗР ќе продолжи да ги користи, ќе ги замени со други или ќе ги откупи возилата, **претставува известување** за постапувањето од страна на СОЗР и можностите кои ги дава Законот за лизинг.

6. Делот Дополнување на произнесувањето по Претходниот извештај **претставува известување** за определени состојби, превземени мерки и активности од страна на СОЗР, во насока на подобрување на услугите за превоз со моторни возила, кои ревизијата ги имаше во предвид во текот на вршењето на ревизијата и истите се дел од Нацрт извештајот.



*Ревизорска екипа* | *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________

*2.* ____________ | ____________

*3.* ____________